Напишано од Administrator
Понеделник, 16 Декември 2013 16:21



Она што **претходно го најавивме** , пополека почнува да го доживува својот климакс, и нетрпеливост да биде погледнато. Делчево во петок и сабота (20 и 21 Декември) ке биде домаќин на незаборавни претстави во кои главниот збор ке го има магијата, забавата и колебањето кон стварноста кај присутната публика за се она што претходно мислеле дека важи за нормално...

Се уште во јавноста нема информација за продажбата на билетите за претставите, но од продукцискиот тим најавуваат прифатливи екстра цени за граѓаните на Делчево.

Во продолжение проследете ја најавата за истото ова шоу кое ке се прикаже и пред публиката во Битола и Скопје.

{youtube}_ovRwxQdaoI{/youtube}

Во наредното видео погледнете за какви способности на омилениот Гандини станува збор. Секако според најавата она што делчевчани ке можат да го погледнат ке наликува на своевиден сценски спектакл во кој, времето ке ја доживее својата релативност на траење, преку спојување на две паралелни универзуми: Оној што досега публиката го знаел, и оној кој после претставата ке го познава...

{youtube}qI3JyhM2b8Y{/youtube}

**Гаранциите за одлично доживување се за сомничавите личности...**

**...овде станува збор за нешто повеќе...**